Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
од Сто и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 септември 2021 година

Скопје, септември 2021 година

# **З А П И С Н И К**
**од Сто и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 септември 2021 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 99-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2021 година

1. Записник од Четириесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 6 септември 2021 година.

2. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

3. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

5. Информација во врска со реализација на проект за „Подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот Регион“, во Република Северна Македонија и можноста за соработка со УНДП

6. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

7. Информација за формирање на Комисија за проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји - членки, со Предлог-решение

8. Извештај за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави, со текст на Предлог-договор

9. Информација за одржаниот 17. состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 23 март 2021 година

10. Информација за седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 ноември 2020 година

11. Информација за одржаниот Десетти состанок (8 октомври 2020 година) и подготовка на Единаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 23 септември 2021 година преку видео конференциска врска

12. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка

13. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

15. Предлог-одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (КП бр. 8890/1 во КО Центар 1)

16. Информација по доставено барање одобрение за основање Приватен центар за ран детски развој „Да Винчи кидс“ – Карпош, Скопје, со Предлог-одлука

17. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница - Струга за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на инфектологијата

18. Предлог-одлука за начинот на користење и одржување на службените возила

19. Годишна програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2021 година, Извештај за реализирани активности за 2020 година и Финансиски извештај за 2020 година

20. Кадровски прашања

21. Прашања и предлози

22. Информација за текот и реализацијата на активностите и сумираните статистички податоци за Е-обуката за родова еднаквост за 2020 година

23. Информација за работата на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година

24. Информација за преземените мерки во врска со имплементацијата на член 8 од текстот на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на силите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.260/2020 од 3 ноември 2020 година)

25. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од „коронавирусот - КОВИД-19“

26. Информација за можност од донесување на Одлука за отстапување на недвижниот имот на друг државен орган без надоместок 08-2908/3

27. Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2020 година

28. Барање од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за потребата од изменување на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор

29. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“-Штип

30. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје

31. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје

32. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“-Скопје

33. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“-Охрид

34. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола

35. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“-Гостивар

36. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“-Струмица

37. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“-Охрид

38. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“-Крива Паланка

39. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков-Мисирков“-Кавадарци

40. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“-Струга

41. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученички дом при СОУ „Св.Наум Охридски“-Македонски Брод

42. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“-Куманово

43. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“-Скопје

44. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“-Велес

45. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“-Битола

46. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Митко Пенџуклински“-Кратово

47. Извештај за извршените преговори со усогласен текст на Имплементационен договор за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за гранично регулирање на железничкиот сообраќај

48. Информација за потребата од потпишување на Договорот за воспоставување на електронски систем за поднесување на електронски поплаки и пријави поврзани со услугите кон јавната администрација.

49. Информација за обезбедување на финансиски средства за исплата на плати на вработени во национални установи од областа на културата.

50. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје во студиската учебна година 2021/2022, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

51. Информација во врска со претстојниот Самит на министри посветен на железници, во организација на Постојниот секретаријат на транспортната заедница, во соработка со Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој

52. Предлог-закон за дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 99-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2021 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четириесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 6 септември 2021 година.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), за првата седница на Владата по завршување на изборниот период, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.185/21).

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст (Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип).

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст. (ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје).

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со реализација на проект за „Подобрување на отпорноста кон поплави во Полошкиот Регион“, во Република Северна Македонија и можноста за соработка со УНДП, за првата седница на Владата по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/21).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина (нов текст), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји - членки, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање Комисија за проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји – членки, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави, со текст на Предлог-договор и го усвои Извештајот со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави.

2. Се определува Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот 17. состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 23 март 2021 година и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Агенцијата за квалитет на високото образование да достави пишана информација во однос на нејзиното функционирање, со образложен план за воспоставување на Национален совет за високо образование, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави пишана информација за имплементацијата на Стратегијата за образование и поврзаниот акциски план и за воспоставување на соодветен механизам за мониторинг и

известување за нивната имплементација, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за преземените неопходни чекори, вклучително и преку примената на Законот за основното образование и Законот за заштита на децата, за зголемување на уписот и посетеноста на ромските деца и децата со посебни потреби во редовниот училиштен систем, особено на предучилишно и основно ниво, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

4. Се укажува на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност да достави пишана информација во однос на своето функционирање преку транспарентни процеси и процеси засновани на заслуги со цел да ја одржи својата репутација и неутралност во однос на програмите, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за култура да достави пишана информација во однос на преземањето на потребните чекори за понатамошно зголемување на капацитетите на Министерството за култура во однос на правните и процедуралните сфери, како и на вработените и нивната обука, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за култура да достави пишана информација за спроведувањето на националните програми за заштита на културното наследство во земјата, вклучително и заштита на скопската Стара чаршија и целосна имплементација на препораките на УНЕСКО за Охридскиот Регион, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

7. Се задолжува Министерството за култура да достави пишана информација за усвојувањето на Нацрт-законот за остварување на јавниот интерес во културата, Законот за заштита на културното наследство и Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство 2021 – 2025, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

8. Се задолжува Центарот за управување со кризи да достави пишана информација во однос на постапката за набавка за бројот 112 за итни случаи која треба да биде склучена со цел целосна функционалност низ целата земја, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

9. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за усвојувањето на Долгорочната стратегија за информатичка комуникациска технологија (ИКТ стратегија), до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

10. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за продолжувањето со имплементацијата на активностите, вклучувајќи го и воспоставувањето на оперативно тело и развој на правна рамка што би овозможило имплементација на донесената Стратегија за компјутерска безбедност, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

11. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација и кореспондентни табели за усогласување на Нацрт-законот за безбедност на мрежните и информациските системи со Директивата на ЕУ за безбедност на мрежните и информатичките системи (Директива НИС), до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

12. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за обезбедување на временска рамка за усогласување со новиот Европски код за електронски комуникации, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

13. Се укажува на Агенцијата за електронски комуникации да достави пишана информација за преземените неопходни чекори за ограничување на користењето на средствата на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на регулаторни и мониторинг активности од областа на електронските комуникации, во согласност со законодавството на ЕУ, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

14. Се укажува на Јавно радиодифузно претпријатие Национална радио-телевизија-Скопје, да обезбедни пишани информации за идните планови и преземените активности за реформа на јавниот радиодифузен сервис со цел да се обезбеди негова независност и да се зајакне неговиот капацитет, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

15. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да го достави Нацрт -законот за работни односи до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

16. Се задолжува Државниот инспекторат за труд, во соработка со Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за владините планови за зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

17. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за ефективната имплементација на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, вклучително и хармонизација на другите закони со овој нов закон, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 ноември 2021 година.

18. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за обезбедување на соодветни ресурси за воспоставување на ефективен национален систем за мониторинг и процена на социјалните услуги, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

19. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој да спроведе проценка на ефикасноста, ефективноста и влијанието на веќе спроведените мерки и да ја достави истата до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

20. Се задолжува Министерството за образование и наука да достави пишана информација за продолжување на напорите за натамошна интеграција во Европската истражувачка област (на пр. одредба од Патоказот за истражувачка инфраструктура), до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 30 септември 2021 година.

21. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви пишана информација за развивањето на Стратегија за паметна специјализација и подготовката на Извештајот за мапирање и да ги достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 31 декември 2021 година.

22. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да номинира копретседавач на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика и номинацијата да ја достави до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 31 јануари 2022 година.

## <u>Точка 10</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 ноември 2020 година (најнов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за финансии – Управа за јавни приходи, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да достави до Европската комисија податоци за извршениот поврат на ДДВ и просечното доцнење при повратот на ДДВ, најдоцна до 15.10.2021 година.

2. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, да достави до Европската комисија информации за понатамошните мерки за зголемување на продуктивноста во преработувачката индустрија, најдоцна до 30.9.2021 година.

3. Се задолжува Министерството за економија да подготви список со сите евалуации што се предвидени за различните акциски планови и органите за спроведување, со временска рамка и назнака од каде ќе се обезбеди буџетот и преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, да го достави до Европската комисија најдоцна до 30.9.2021 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии да достави информација до Секретаријатот за европски прашања за плановите за прогресивно усогласување на Законот за финансиска дисциплина со ЕУ Директивата за задоцнето плаќање, согласно барањето од страна на Европската комисија, најдоцна до 30.9.2021 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да направи евалуација на влијанието од спроведувањето на Акцискиот план 2018-2020 за формализирање на неформалната економија и преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да ја достави до Европската комисија, најдоцна до 30.9.2021 година.

6. Се задолжува Министерството за економија преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија новиот Закон за општа безбедност на производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Нацрт-правилникот за начинот на известување, критериумите и методите за проценета на ризикот од страна на производителите и дистрибутерите и формата и содржината на образецот за известување од страна на производителите и дистрибутерите и Нацрт-уредбата за начинот на воспоставување и работење на системот за брза размена на информации , на англиски јазик, најдоцна до 30.9.2021 година.

7. Се задолжува Министерството за економија преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија информација за преземените напори за отстранување на преостанатите нетарифни бариери во трговијата, на англиски јазик, најдоцна до 30.9.2021 година.

8. Се задолжува Министерството за економија, во координација со Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство

и водостопанство, Министерството за култура – Управата за заштита на културното наследство, Управата за наменско производство, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација и Бирото за метрологија, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија информација за напредокот во зајакнувањето на административниот капацитет за спроведување на законската рамка во областа на слободно движење на стоки, на англиски јазик, најдоцна до 30.9.2021 година.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржаниот Десетти состанок (8 октомври 2020 година) и подготовката на Единаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, што ќе се одржи на 23 септември 2021 година преку видеоконференциска врска и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се определува Билјана Николовска-Жагар од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за копретседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, од надлежните институции да ги прибере сите потребни информации за Табелата со податоци за човечки ресурси и истата да ја достави целосно пополнета до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 10 септември 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да достави номинации за учесници на Единаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 10 септември 2021 година.

4. Се задолжува копретседавачот на Специјалната група за реформа на јавната администрација во координација со Секретаријатот за европски прашања, врз основа на номинациите добиени од институциите, да го определи составот на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Единаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 23 септември 2021 година преку видеоконференциска врска, најдоцна до 15 септември 2021 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира подготвителен состанок, во насока на соодветна подготовка на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Единаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 23 септември 2021 година преку видеоконференциска врска, најдоцна до 21 септември 2021 година.

6. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија, веднаш по усвојувањето од Владата.

## Точка 12

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 6, во ставот 1 од текстот на Предлогот на закон наместо зборовите „додава нов член" да биде „додаваат два нови члена".

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Светислав Ѓорѓевиќ, директор на Дирекција за радијациона сигурност.

## Точка 13

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

## Точка 14

Владата заклучи, Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, да се разгледа на првата седница на Владата, која ќе се одржи по завршувањето на Локалните избори 2021 година, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.185/21).

Истовремено, текстот на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 15

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (КП бр. 8890/1 во КО Центар 1), во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата по доставено барање одобрение за основање Приватен центар за ран детски развој „Да Винчи кидс“ – Карпош, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца-центар за ран детски развој „ Да Винчи кидс“-Карпош, Скопје, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница - Струга за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на инфектологијата (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 18

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 19

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2021 година, Извештајот за реализирани активности за 2020 година и Финансискиот извештај за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Предметните извештаи се во функција на реализација на обврската согласно член 374, став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019, 302/2020 и 122/2021) согласно кој финансиски извештај и извештај за реализирани активности од Годишната програма, Републичниот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата доставува до Собранието на Република Северна Македонија на разгледување и притоа Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на предметниот материјал.

## Точка 20

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 21

**1.** Владата го разгледа Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 26 август 2021 година до 1 септември 2021 година и го прифати со следните заклучоци:

1) Текстот на Прилогот на Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 26 август 2021 година до 1 септември 2021 година да се коригира и потврди во делот на прегледот на ангажирани човечки и материјални ресурси.

2) Коригираниот текст на Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 26 август 2021 година до 1 септември 2021 година, со прилозите, согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи да се достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата заклучи Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка и Договор за партнерство од Министерство за локална самоуправа на меѓувладина седница Република Северна Македонија и Република Косово, септември 2021 година, дополнета при усвојувањето на Дневниот ред од оваа седница на Владата, да се разгледа на наредната седница на Владата.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 28 август 2021 година до 3 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и

заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 26 август 2021 година до 1 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата на предлог на д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии ги задолжи буџетските корисници кои се уште на постапиле по упатствата и насоките содржани во буџетскиот циркулар да доставaт комплетни буџетски барања до Министерството за финансии најдоцна до 10-ти септември 2021 година.

**6.** Владата заклучи, сите итни и ургентни материјали кои министерствата планираат да ги предложат на седница на Владата поради итност и неодложност, претходно да бидат усогласени со Секретаријатот за законодавство и доставени навремено (најдоцна 2-3 часа пред почетокот на седницата), со цел да не се носат условни одлуки од формални и процедурални причини.

**7.** По повод укажувањето на м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, а во врска со прашањето за примена на Законот за употреба на јазиците во делот на двојазично подготвување на законите од страна на ресорните министерства и нивно понатамошно доставување во владина и собраниска постапка, Владата заклучи:

- Се задолжуваат м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да одржат работен состанок, под координација на м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, со цел да се утврди потребата од промена на унифицираната форма за доставување на предлогот на законите во владина и собраниска постапка, за сите институции, согласно Законот за употреба на јазиците, во насока истите да се доставуваат на посебни документи (едниот на македонски јазик и неговото писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо).

**8.** Државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, Калинка Габер, ги информираше членовите на Владата во врска со проектите кои се финансираат преку ИПА-програмите во Република Северна Македонија, статусот на истите и можностите за пролонгирање на роковите за достава на акциски документи за 2022 година (чиј рок за доставување до Европската комисија истекува на 16 ноември 2021 година) и проектни идеи за ИПА проекти за годишните програми за 2023 и 2024 година (чиј рок за доставување до Европската комисија за програмите за 2023 истекува по една и пол година).

Истовремено, со цел да се зајакнат институционалните капацитети на министерствата за реализирање на поголем број проекти и поголема искористеност на ИПА средствата, Владата заклучи министерствата преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да се обратат до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за искористување на средства од фондот за ангажирање странски експерти/консултанти, доколку имаат потреба.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и реализацијата на активностите и сумираните статистички податоци за Е-обуката за родова еднаквост за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки во врска со имплементацијата на член 8 од текстот на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на силите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.260/2020 од 3 ноември 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел превенција и заштита од пандемијата предизвикана од коронавирусот - КОВИД-19", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство во соработка со Министерството за финансии да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки (препораките од страна на Државниот завод за ревизија каде се укажува на јавните здравствени установи се однесуваат на здравствениот сектор, а поединечните препораки се однесуваат на Министерството за здравство) од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Доделување на договори за јавни набавки од страна на институциите во јавниот сектор со цел заштита и превенција од пандемијата предизвикана од коронавирусот - КОВИД-19" и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за можност од донесување на Одлука за отстапување на недвижниот имот на друг државен орган без надоместок 08-2908/3, како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата го разгледа Извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да го има предвид Мислењето на Министерството за правда.

**Точка 28**

Владата го разгледа Барањето од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија за потребата од изменување на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да одржи состанок со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, на кој да се разгледаат можностите за изнаоѓање на соодветно решение согласно ова барање.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“-Штип (плати), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје (плати), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје (плати), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“-Охрид (плати), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“-Гостивар (плати), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“-Струмица (плати), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“-Охрид, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“-Крива Паланка (плати), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков-Мисирков“-Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“-Струга (плати), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученички дом при СОУ „Св.Наум Охридски“-Македонски Брод (плати), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“-Куманово, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“-Скопје (плати), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“-Велес (плати), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“-Битола, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Митко Пенџуклински“-Кратово (плати), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори со усогласен текст на Имплементационен договор за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за гранично регулирање на железничкиот сообраќај и го усвои, со следниве заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Имплементациониот договор за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за гранично регулирање на железничкиот сообраќај.

2.Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Имплементациониот договор за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за гранично регулирање на железничкиот сообраќај.

**Точка 48**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за потребата од потпишување на Договорот за воспоставување на електронски систем за поднесување на електронски поплаки и пријави поврзани со услугите кон јавната администрација.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства за исплата на плати на вработени во национални установи од обласга на културата и ја усвои Информацијата со заклучок предлагачот во текстот на Информацијата да ги инкорпорира Предлог-заклучоците бр. 2, 3 и 4 како активности за решавање на настанатата ситуација, согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје во студиската учебна година 2021/2022, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата во врска со претстојниот Самит на министри посветен на железници, во организација на Постојниот секретаријат на транспортната заедница, во соработка со Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише усогласениот текст на документот насловен како „Самит на министри посветен на железниците-Пругите се иднината“, на претстојниот Самит на министри посветен на железници кој ќе се одржи на 13.9.2021 година во Белград, Република Србија, организиран од Постојниот секретаријат на транспортната заедница, во соработка со Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој.

## Точка 52

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и согласно мислењето на Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**